السنّة النبوية وعلومها
www.sunnah.global

# „Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, често изговарал: ‚О, Ти што ги превртуваш срцата, зацврсти го моето срце во Твојата вера!‘

Енес, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: „Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, често изговарал: ‚О, Ти што ги превртуваш срцата, зацврсти го моето срце во Твојата вера!‘ Па го прашав: ‚О, Божји пратенику, ние веруваме во тебе и во она со што дојде. Па зарем се плашиш за нас?‘ Тој одговори: ‚Да, бидејќи срцата се меѓу два прста од Аллаховите прсти, и Тој ги превртува како што сака.‘“
[صحيح] [رواه الترمذي وأحمد]

Најчестата дова на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, беше барањето од Аллах за постојаност во верата и покорноста, како и за заштита од заблудата и скршнувањето од вистинскиот пат. Енес бин Малик, Аллах нека е задоволен со него, се зачуди што пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, толку често ја изговарал оваа дова, па тој му објаснил дека срцата се меѓу двата прста од прстите на Аллах, и дека Тој ги превртува како што сака. Срцето е седиштето на иманот и неверството, а неговото име „калб“, што на арапски означува нешто што се менува, укажува на неговата постојана превртливост. Тоа се менува побрзо од сад во кој силно врие. Кого Аллах сака, неговото срце го упатува и го зацврстува во верата, а кого сака, го оддалечува од упатството и го остава во заблуда.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3142

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee